ИСОС
ИНСТИТУТ НА
СМЕТКОВОДИТЕЛИ И
ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВО БРОЈКИТЕ ВЕРУВАМЕ
IN NUMBERS WE TRUST.

ИСОС
ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-302/1
05.03 2026 год.
СКОПЈЕ

# ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА

## претставник од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија за член на Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија

Врз основа на одредбите од Законот за вршење на сметководствени работа Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија (Службен весник број 173 од 01.08.2022 година), на ден 06.03.2026 година објавува Јавен повик бр.02-302/1 од 05.03.2026 година за избор на претставник од страна на Институтот кој ке биде предложен од Собранието на Институтот за член на Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија.

За член на Советот **може** да се предложи лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има завршено високо образование од областа на економијата или правото,
-да не е вработен во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија и да не в член на ниедно извршно тело на истиот,
-да има најмалку пет години работно искуство во областа на сметководството или финансиите,
-да не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност и
-да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

За член на Советот **не може** да се предложи лице:

- кое е функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа и
- кое е носител на функција во органите на политичка партија и/или член на орган на надзор, орган на управување или кој било друг орган на правно лице од јавиот сектор основано од Владата на Република Северна Македонија односно од Собранието на Република Северна Македонија.

Сите заинтересирани кандидати кои ги исполнуваат условите наведени подолу **најдоцна до 25.03.2026 година се должни лично до Архивата на Институтот на ул. 'Кирил и Методиј" бр.20 кат 2 (од 10-12 часот-Прием на странки) да ги достават следните документи:**

- Уверение за државјанство на РСМ;

- Диплома или уверение за завршено високо образование од областа на економијата или правото (прв, втор или трет циклус) од акредитирана високообразовна институција во Република Северна Македонија или нострифицирана диплома од странство, со која се потврдува стекнатото образование во областа на економијата или правото, или копија заверена на нотар;
- оригинал документ издаден од АВРСМ со кој се докажува бројот на години стаж;
- Уверение за овластен овластен сметководител/сметководител за кандидатот издадено од Институтот-активен член на ИСОС;
- Потврда(и) за работно искуство од претходни и/или сегашни работодавци или други официјални документи кои недвосмислено го потврдуваат работното искуство од најмалку пет години во областа на сметководството или финансиите;
- Професионална биографија (CV);
- Доказ дека кандидатот не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност;
- Потврда издадена од Централен регистар на Р.С.М. за евидентирани податоци за изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, должност или дејност;
- Изјавата заверена на нотар, со која кандидатот потврдува дека не е функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа, не е носител на функција во органите на политичка партија и/или член на орган на надзор, орган на управување или кој било друг орган на правно лице од јавниот сектор основано од Владата на Република Северна Македонија односно од Собранието на Република Северна Македонија.

Кандидатите кои ги исполнуваат критериумите за учество за избор на член на Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија, ќе биде потребно да присуствуваат на закажаната Седница на Собранието каде ќе биде потребно да се претстават пред членовите на Собранието.

на Институт на сметководители и
овластени сметководители
Претседател

---------------------------
Весна Прентоска